РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

09-453/3
17-06-2024

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по електронска пријава од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на продолжението на 6 – та седница одржана на 12.06.2024 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Предметот заведена под број 09-8703/1 од 12.10.2022 година, против донесена одлука за вработување на библиотекар во Домот на културата -------- по Јавен оглас бр. 02/2022 од 10.10.2022 година, СЕ ЗАПИРА.

ДКСК утврди дека не е констатирана повреда на одредби од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси поради постапување на надлежен орган и не утврдување на неправилности и недостатоци во постапката за вработување на библиотекар во Домот на културата ----------.

ДКСК нема елементи за натамошно надлежно постапување во предметниот случај.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Врз основа на електронска пријава од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупција и судир на интереси оформи предмет бр.09-8703/1 од 12.10.2022 за постоење на непотизам и кронизам по одлуката за избор на библиотекар во Домот на културата --------по јавен оглас бр. 02/2022 од 10.10.2022 година.

Имено, во пријавата е наведено дека новоизбраниот библиотекар е лице кое е член на Советот на општина --------- од редовите на -------------, а од неодамна и претседател на Советот на општина -------- Истото лице било активист на ------------ и личен пријател на градоначалникот на општина -------------.

Заради целосно утврдување на фактичката состојба по предметот, ДКСК поднесе Барање за вршење на инспекциски надзор со бр.09-8703/2 од 01.11.2022 до Државниот инспекторат за труд, во врска со тоа, да се изврши вонреден инспекциски надзор во Домот на културата --------- над постапката за вработување на библиотекар преку Јавен Оглас со бр.02/2022 од 10.10.2022 година дали истата е водена согласно важечките прописи.

Државниот инспекторат за труд достави до ДКСК Известување и докази по Ургенција со бр.09-453/2 од 08.02.2024 година, со прилог Записник од извршен надзор во Домот на културата ------------ ИП 1 бр. 09-122 од 26.07.2023 година.
Имено, во наведениот Записник е утврдено следното:
Директорот на Домот на културата -------- донел Одлука бр. 04-108/1 од 15.09.2022 година за распишување на Јавен оглас согласно Годишниот план за вработување од 05.07.2021 година бр. 01-78 за пополнување на едно работно место 1 библиотекар.
Бил изработен Записник од одржан состанок на Комисијата за вработување по јавниот оглас бр. 04-108/3 од 04.10.2022 година. Исто така, било доставено Известување по јавен оглас за кандидатите со кои е спроведено интервју на уредните кандидати со бр. 04-108/4 од 06.10.2022 година. Била составена Ранг листа на кандидати со вкупно освоени бодови и во двете вази на селекција и конечна Ранг листа кои успешно ги поминале сите фази на селекција, како и Предлог на кандидатите за вработување со бр. 04-118/1 од 06.10.2022 година.
По завршување на сите фази на селекција, работодавачот за потребите на Домот на културата --------- за работно место Библиотека е избран кандидатот ------, со донесена Одлука за избор на кандидат по Јавен оглас бр. 02/2022.
Со лицето --------- е склучен Договор за вработување со бр. 04-128/2 од 26.10.2022 година. Работодавачот за време на извршениот надзор приложил и Диплома за завршено образование за вработената ------------- и целокупната документација во Досието на избраниот кандидат.
Државниот инспекторат за труд на Записникот констатирал дека не се утврдени неправилности и недостатоци при што надзорот прекинува.
Поради вака утврдена фактичка состојба од страна на надлежен орган кој врши надзор на спроведување на одредбите од Законот за работните односи и Законот за вработените во јавниот сектор, како и фактот дека подносителот на пријавата има наведено дека вработеното лице во Домот на културата ------------ е личен пријател на градоначалникот на општина ----------, а со оглед на тоа дека Одлуката за избор за вработување е донесена од страна на директорот на самиот дом, а не од страна на градоначалникот на општината, ниту пак вработеното лице е блиско лице согласно член 8 став (4) од ЗСКСИ со градоначалникот на општината за да може да се утврди некакво влијание при извршениот избор за вработување, ДКСК одлучи како во диспозитивот.

Претседател

Татјана Димитровска

По заклучок од седница на ДКСК,
Изготвил: М.М.- соработник
Контролирал: К.З - раководител
Одобрил: м-р Ц.Р. - член на ДКСК